**Информација за функционирањето на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД Програмата**

## 1. Проценка на системот за управување и контрола, вклучувајќи и ИПАРД структурите и авторитетите, последна верзија на внатрешни постапки за работа, меѓу-институционални договори и ИТ системи

Во текот на 2024 година беше направена проценка на системите за управување и контрола во процесот на подготовка на Акредитацискиот пакет за нови мерки-Инвестиции во рурална инфраструктура (ИРИ). Дополнително, системите за управување и контрола за имплементација на ИПАРД III Програмата 2021-2027 и нивното ефективно функционирање се редовно мониторирани и следени преку различни алатки од страна на НАО / Управувачката структура.

За утврдување на меѓусебните односи помеѓу органите во рамките на системот за внатрешна контрола за ИПАРД III, потпишани се меѓуинституционални договори и тоа:

- Договор за имплементација помеѓу Националниот координатор за авторизација и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за спроведување на ИПАРД III под индиректно управување;
- Договор за имплементација помеѓу Националниот координатор за авторизација и Телото за управување со ИПАРД за спроведување на ИПАРД 2021-2027 под индиректно управување и
- Договор за имплементација помеѓу помеѓу ИПАРД Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД за управување и имплементација на ИПАРД III Програмата со доверување на задачите за спроведување на буџетот од страна на Комисијата.

Во текот на 2024 година немаше значителни измени во воспоставениот систем за управување и контрола. Како и да е, некои незначителни измени во врска со акредитираните внатрешни постапки за работа на ИПАРД Агенцијата беа изготвени.

Во текот на 2025 година, беа предложени измени на акредитираните внатрешни постапки за работа на ИПАРД агенцијата и ИПАРД телото за управување, претходно проценети и одобрени од страна на Директорот на ИПАРД Агенцијата, Раководителот на ИПАРД Телото за управување и НАО. Предложените измени на внатрешните постапки за работа произлегоа од добиените препораки со Нацрт Извештајот за Проценка на усогласеноста  за мерката ИРИ и од Ревизијата на операции во 2024 година. Со овие измени, се предложени обрасци за процесот на барање на исклучоци,  измени на внатрешни постапки за работа, процедура за примопредавање, контролни слабости и процесот за управување со ризици. Исто така, Правилникот за обука, образование и други облици на професионално усовршување е усогласен со процедурите на НИПАК и НАО/УС. Исто така, се воведува промена на начинот на работа на Агенцијата/СПА во случај на измена на договор при промена на добавувачот и пресметка на вкупниот прифатлив износ. Измените беа предложени и потребни со цел

процедурите подобро да се усогласат со Секторскиот договор, националното законодавство и ИПАРД III Програмата. Формалното одобрување на изменетите процедури од страна на НАО е на 14 април 2025 година.

## 2. Верификации и контроли спроведени од Управувачката структура

Одделението за поддршка на НАО во областа на земјоделството и руралниот развој во рамките на Годишниот план за верификација посети за 2025 година, усвоен на 4 февруари 2025 година, предвидува три верификација посети, и тоа:

- Административна проверка на ниво на проект за спроведување на Мерката за техничка помош од ИПАРД III (индикативно планирана за март-април 2025 година);

- Верификациска посета на платени проекти, особено ex post - проверки на лице место од ИПАРД II Програмата (индикативно планирана за август-октомври 2025 година) и;

- Административна проверка на платените проекти од ИПАРД III Програмата (индикативно планирана за ноември-декември 2025 година).

Првата верификациска посета поврзана со имплементацијата на Мерката за техничка помош во рамките на ИПАРД Програмата 2021-2027 започна во април 2025 година. Посетата за верификација е во тек.

## 3. Акредитација на нови мерки

Нацрт-Прирачникот за внатрешни постапки за работа на ИПАРД Агенцијата за спроведување на мерката Инвестиции во руралната јавна инфраструктура беше подготвен и доставен до НАО на проценка во август 2023 година. Пакетот беше иницијално предмет на само-проценка (од страна на Секторот за внатрешна ревизија во ИПАРД Агенцијата). Одделението за поддршка на НАО во земјоделството и руралниот развој го разгледа пакетот и даде свои коментари и препораки за подобрување. По добивањето на финалната верзија на Внатрешните постапки за работа во април 2024 година од ИПАРД Агенцијата, НАО/УС изврши проценка на системите за управување и контрола за спроведување на новата мерка Инвестиции во рурална инфраструктура.

Врз основа на мислењето од проценката, националните ИПАРД структури подготвија пакет на документи за индиректно управување со мерката и на 29.04.2024 година, подготвената документација придружена со Извештајот за само-проценка беа доставени до Ревизорското тело за процена на усогласеноста.

Ревизорското тело достави Нацрт ревизорско мислење за процена на усогласеноста на системот за индиректно управување со мерката (10-540/1 од 23.01.2025 година), каде што се детектирани главните слабости во однос на функционирањето на електронскиот САП системот, достигнувањето оптимален

број вработени (особено за спроведување на нови мерки), политиката за задржување на вработените, како и недостаток на специјализирани обуки. Овие области се нотирани како клучни области кои треба да се подобрат.

ИПАРД Структурите редовно ги координираат активностите во однос на надминување на утврдените недостатоци, доставени се итни дописи и одржани се средби со високи претставници. Во меѓувреме, сите наоди од техничка природа се надминати од страна на соодветните ИПАРД структури. Направени се промени во прирачникот за процедури.

## 4. Административни капацитети во институциите од ИПАРД структурата

### Управувачка структура (УС)

Согласно Анализата за обем на работа (АОР) на Управувачката структура, оптималниот број на вработени за 2025 година изнесува 18 лица. Моменталниот број на вработени е 15, вклучително и НАО. Во текот на 2025 година, едно лице е вработено со договор за времено вработување.

### ИПАРД Агенција

Анализата за обем на работа за 2025 година во ИПАРД Агенција е подготвена врз основа на бројот на апликации за финансиска поддршка што треба да се поднесат во 2025 година. Треба да се напомене дека човечките капацитети во ИПАРД Агенцијата, особено Одделението за сметководство во рамките на Секторот за Финансиските прашања, се на многу ниско ниво, што е идентификувана слабост во Консолидираниот акциски план за слабости/недостатоци во внатрешната контрола. Функцијата на сметководството во моментов ја извршуваат вработени кои се со помало искуство - помлади соработници, бидејќи раководителот на одделението за Сметководство го прекина својот професионален ангажман во Агенцијата, а советникот-сметководител е на подолго породилно отсуство. Овие наоди се идентификувани со Ревизорското мислење во врска со проценката на усогласеноста на индиректниот систем за управување со мерката ИРИ и истите ќе се следи и во иднина при спроведувањето на ИПАРД III програмата.

Согласно АОР за 2025 година, оптималниот број на вработени во Агенцијата е 160, вклучително вработените потребни за спроведувањето на мерката за рурална инфраструктура. Според Анализата за 2025 година, потребни се 17 нови вработувања и 29 унапредувања во ИПАРД Агенцијата.

Во текот на 2025 година, двајца вработени беа префрлени во рамките на ИПАРД структурата и тројца вработени беа префрлени надвор од ИПАРД структурата.

Тековниот број на вработени е 142.

### Тело за управување (ТУ)

Согласно Анализата за обем на работа за периодот 2025-2027 година оптималниот број на вработени во ТУ за 2025 година изнесува 16 вработени.

Во текот на 2025 година, едно лице беше трансферирано од ТУ во друг сектор со што моменталниот број на вработени изнесува 13 лица.

## Капацитети во ИПАРД Структурата

Во табелата се презентирани податоците за човечките капацитети во ИПАРД Структурата за 2025 година:

| Институција | Број на вработени на 01.01.2025 | Потребен број на вработени согласно АОР 2025 | Реализирани нови вработувања до 30.04.2025 | Напуштени позиции до 30.04.2025 | Моментален број на вработени | Стапка на пополнетост | Стапка на обрт на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| НАО/НФ | 14 | 18 | 1 | 0 | 15 | 83% | 0.00% |
| ИПАРД Агенција | 143 | 160 | 2 | 3 | 142 | 89% | 2.10% |
| Тело за управување со ИПАРД | 14 | 16 | 0 | 1 | 13 | 81% | 7.14% |
| Вкупно | 171 | 194 | 3 | 4 | 170 | 88% | 2.34% |

Со Анализата за обем на работа за 2025 година потребниот број на вработени во ИПАРД Структурата изнесува 194 вработени, а стапката на пополнетост на работни места изнесува 88% во однос на потребите за 2025 година

## Политика за задржување и мотивација на кадар

Во врска со задржувањето на персоналот во ИПА структурата со Законот за извршување на буџетот за 2025 година, имплементирано е краткорочно решение за мотивација и задржување на кадарот во ИПА структурите. Решението предвидува фиксен надомест од 15% на платата на персоналот во ИПА структурите до крајот на 2025 година. Со ова решение се планира да се надмине јазот до усвојување на долгорочно системско решение.

Законот за административни службеници е во фаза на измена.

Министерството за европски прашања и НИПАК, како одговорен орган за координација на активностите за подготовка на политиката за задржување на човечки ресурси во ИПА структурите, беа обврзани на осмата седница на Владата одржана на 30.07.2024 година да ја финализираат политиката за задржување и мотивација на кадар, соглсно насоките на ЕК до октомври 2024 година. Сепак, оваа активност треба да се финализира, а политиката за задржување на кадарот сѐ уште не е подготвена.

## 5.Финансиски Менаџмент

Финансискиот  договор за Програмата за Земјоделство и Рурален Развој на Република С.Македонија во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) за 2021-2027 беше потпишан помеѓу ЕК и Владата на Република С.Македонија и влезе во сила на 29ти Ноември 2023.
Согласно со член 33(3) за Финансискиот Рамковен договор за партнерство за ИПА III и Анекс 7 од Секторскиот договор, НАО испрати до Комисијата план (прогноза) за евентуални барања за плаќање за 2025-2026 за ИПАРД III програмата на 15ти Јануари 2025.

**Министерство за Финансии**
**Сектор за управување со средствата од ИПА**

**Информација за функционирањето на системот за управување и контрола и финансиско спроведување на ИПАРД Програмата**

Во табелите подолу се презентирани извршените плаќања – ИПА придонес за целокупниот статус за Програмата и за 2025 посебно, со пресек до 30 Април 2025:

| Целокупен статус на Програмата за период 2021-2027 | | | | % споредено со достапниот буџет |
|---|---|---|---|---|
| | ИПА | НКФ | ВКУПНО | |
| **Достапен буџет за 2021-2027** | 97,000,000 | 31,073,333 | 128,073,333 | |
| **Исплатено** | 2,632,186.82 | 876,694.19 | 3,508,881.01 | 3% |

| Мерка | Извршени плаќања во 2025 – ИПА придонес во Евра |
|---|---|
| Мерка 1 | 1,444,927.77 |
| Мерка 3 | 0,00 |
| Мерка 7 | 134,286.87 |
| Мерка 9 | 1,462.78 |
| **Вкупно** | **1,580,677.42** |

Согласно со член 37 за Секторскиот Договор, НАО испрати Декларација за трошоци кој претставува барање за паќања за настанатите трошоци и генерираните приходи за првиот квартал од 2025. Барањето за плаќање беше регуларно испратено преку СФЦ системот 2021 од Националниот Фонд, презентирано во табелата подолу.

| ИПАРД III<br>Барања за плаќања 2025 | | |
|---|---|---|
| Референца | | Придонес од заедницата во € |
| 1 | Деклариран во Q1 2025 | 1,014,558.18 |
| 2 | Деклариран во Q2 2025 | 0,00 |
| 3 | Деклариран во Q3 2025 | 0,00 |
| 4 | Деклариран во Q4 2025 | 0,00 |